*Дел. Бр. 01-140/1*
*13.08.2024 год.*
*с. Мало Коњари*

*РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА*

ООУ "Страшо Пинцур"
с.Мало Коњари
Прилеп

# *ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ*

## *ЗА РАБОТАТА НА ОПШТИНСКОТО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ*

## *„СТРАШО ПИНЦУР“ село МАЛО КОЊАРИ*

## *ЗА УЧЕБНАТА 2023/2024 ГОДИНА*



ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

НА ООУ „СТРАШО ПИНЏУР“ село МАЛО КОЊАРИ, ПРИЛЕП

ЗА УЧЕБНАТА 2023 /2024 ГОДИНА

Во текот на учебната **2023/2024** година ООУ „Страшо Пинџур“ село Мало Коњари, својата дејност ја остваруваше според Годишната програма за работа на училиштето и програмските прилози од БРО, Законот за основно образование (со дополнувањата), Самоевалуацијата и Развојната програма на училиштето со наведените приоритети, врз база на извештаи и заклучоци при интегрална евалуација, Статутот на училиштето и неколку Уредби со законска важност за време на вонредна состојба.

Отпочнувањето на учебната година беше навремено. Наставата се реализираше континуирано, со физичко присуство на сите ученици.

- Наставната година започна на 1 септември 2023 година и заврши на 17 јуни 2024 година.
- Зимски одмор започна на 30 декември 2023 година и заврши на 19 јануари 2024 година.
- Пролетен распуст започна на 29 април 2024 година и заврши на 6 мај 2024 година.

Редовноста, дисциплината и хигиената од учениците се на високо ниво. Поведението кај сите ученици од прво до деветто одделение е примерно.

Централното **ООУ „Страшо Пинџур“** е лоцирано во село Мало Коњари (прикажано на мапата), општина Прилеп:



Нашето училиште опфаќа ученици и од подрачните училишта во селата Големо Коњари и Кадино Село, како и ученици од VI до IX одделение од село Славеј, кое припаѓа на општина Кривогаштани.

Превозот за учениците е организиран и бесплатен.

Училишните згради се наменски градени и служат само за потребите на училиштето. Зградата во централното училиште е изградена 1954 година од цврст градежен материјал со просторно нестандардни училници. Минатите години извршено е нејзино внатрешно реновирање и препокривање. Училишната зграда на подрачното училиште во село Големо Коњари е изградена 1924 година, а во Кадино Село датира од 1949 година. Двете зградисе изградени од цврст градежен материјал и во повеќе наврати се реновирани.

Во централното училиште има спортски терени со стандардни димензии за фудбал, кошарка и одбојка, како и големо заградено дворно место. Во склоп на истото имаме детско игралиште, со што им се збогатува рекреацијата на учениците за време на одморите и по завршувањето на часовите. Влезот во училиштето го краси прекрасен парк од зеленило и цвеќиња, кои секоја година се обновуваат. Во централното училиште училишниот двор е партерно уреден со патеки, летниковец и отворена училница. Во склоп на училишниот двор во централното училиште е поставена ботаничка градина. Додека на дел од фасадата и оградата во Централното училиште красат прекрасни мурали изработени од наставникот по ликовно образование.

Дворните површини се оградени и реновирани, како во централното така и во подрачните училишта. Останатата површина е тревна и погодна за некои спортски активности, додека другиот простор е засаден со дрвја и цвеќиња.

Како и претходните, така и оваа учебна година, беа преземени планираните активности за подобрување на условите за работа во училиштето: се извршија внатрешни и надворешни санации на училишните згради, чистење на сите простории. Исто така, континуирано се сервисираа компјутерите во училиштето.

Опременоста на училиштето со наставни средства и технички помагала е на задоволително ниво. Имаме пет смарт табли - две во ЦОУ и по една во подрачните училишта, како и смарт ТВ во секоја училница (каде нема смарт табли), лаптопи за наставниците во секој кабинет, нови компјутери за информатичкиот кабинет. Сепак, во училиштето и во иднина дополнително ќе се вложува во подобрување на материјално - техничките услови.

Наставата и другите активности од работата на целото училиште се одвиваа според планираното, целосно на македонски јазик. Од 17 училници (9 се во одделенска настава, а 8 во предметна настава), кои се прилагодени како кабинети за соодветни предмети, една фискултурна сала и 5 канцеларии.

Во **централното училиште** во село Мало Коњари беа запишани 92 ученици - 27 во одделенска и 65 во предметна настава. Една паралелка беше комбинирана (I и V одделение), а две чисти паралелки (II и IV) одделение.



Подрачното училиште во село Големо Коњари е целосно реновирано. Наставата се изведуваше во една претпладневна смена во 4 паралелки: една беше комбинирана паралелка (од I и I V одделение) и три чисти паралелки (во II, III и V одделение). Во училиштето во село Големо Коњари учеа 26 ученици (беа 28, но две деца се отселија).



Во подрачното училиште во село Кадино Село оваа учебна година наставата се одвиваше претпладне, во две комбинирани паралелки: една комбинирана од I-V одделение (со 3 ученици), а другата II-III одделение (со 5 ученици). Вкупно во Кадино Село учеа 8 ученици.



**Опфатеноста** на учениците од I до IX одделение, бројот на ученици, нивната распределеност по паралелки и редовноста е прикажан во табелите број 1, 2 и 3 од статистичкиот дел на извештајот, а нивниот успех во табеларниот извештај.

Од статистичкиот и табеларниот преглед се гледа дека од I до V одделение имавме 61 ученици (31 машки и 30 женски), распоредени во 9 паралелки (5 чисти и 4 комбинирани). Во предметна настава беа запишани 65 ученици (30 машки, 35 женски) во 8 чисти паралелки.

Оваа учебна година од I до IX одделение завршија 126 ученици (61 машки, 65 женски).

**Воспитно - образовната работа** и останатата дејност во училиштето ја реализираа 27 наставници од нашето училиште, директор, стручен соработник - психолог, стручен соработник -специјален едукатор и рехабилитатор ( дефектолог), еден административен работник секретар и 4 помошни работници, како и педагог кој два дена дополнува од ООУ„Јонче Смугрески“ село Обршани. Сите вработени се со соодветно образование. Неколку наши наставници дополнуваат во други училишта, а неколку пак дополнуваат во нашето училиште.

## Вкупни податоци за наставен и ненаставен кадар

| Кадар | Вкупно | Етничка и полова структура на вработените | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Македонци | | Албанци | | Турци | | Срби | | Роми | | Други | |
| | | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж |
| Број на вработени | 35 | 8 | 27 | | | | | | | | | | |
| Број на наставен кадар | 27 | 3 | 24 | | | | | | | | | | |
| Број на воспитувачи | 0 | 0 | 0 | | | | | | | | | | |
| Број на стручни соработници | 2 | 0 | 2 | | | | | | | | | | |
| Административни соработници | 1 | 0 | 1 | | | | | | | | | | |
| Помошно-технички кадар | 4 | 4 | 0 | | | | | | | | | | |
| Директор | 1 | 1 | 0 | | | | | | | | | | |
| Помошник директор | 0 | 0 | 0 | | | | | | | | | | |
| Образовни медијатори (доколкусе ангажирани во училиштето) | 0 | 0 | 0 | | | | | | | | | | |

## Вкупни податоци за степенот на образование на вработените

| Образование | Број на вработени |
|---|---|
| Последипломски студии втор циклус | 1 |
| Високо образование | 28 |
| Виша стручна спрема | 2 |

| | |
|---|---|
| Средно образование | 3 |
| Основно образование | 1 |

**Вкупни податоци за старосната структура на вработените**

| Години | Број на вработени |
|---|---|
| 20-30 | 2 |
| 31-40 | 9 |
| 41-50 | 6 |
| 51-60 | 12 |
| 61 - пензија | 6 |

Нашите активности во учебната 2023/2024 година беа во склад на нашата **мисија и визија:**

***<u>НАШАТА МИСИЈА</u> Е ПОТТИКНУВАЊЕ НА СИТЕ УЧЕНИЦИ ДА ГИ ПРИМЕНУВААТ СТЕКНАТИТЕ ЗНАЕЊА И ВЕШТИНИ, ДА СЕ ПОТПИРААТ ВРЗ НИВНИТЕ ЛИЧНИ ОСОБИНИ И СПОСОБНОСТИ, ДА ВОДАТ ПРОДУКТИВЕН ЖИВОТ, ДА СТАНАТ ИНДИВИДУИ КОИ ШТО ЌЕ ПРИДОНЕСУВААТ ЗА ОПШТЕСТВЕНАТА ЗАЕДНИЦА И СОРАБОТУВААТ СО ПРИПАДНИЦИТЕ НА РАЗЛИЧНИТЕ ЕТНИЧКИ ЗАЕДНИЦИ.***

***<u>НАШАТА ВИЗИЈА</u> Е ДА БИДЕМЕ НАЦИОНАЛНО ПОЗНАТО РУРАЛНО УЧИЛИШТЕ КОЕ ШТО ГРАДИ КОМПЕТЕНТНОСТ НА УЧЕНИЦИТЕ ПРЕКУ ТРАНСФЕР НА ПРАКТИЧНО ПРИМЕНЛИВИ ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИ ВРЕДНОСТИ И ПРИТОА, ПОМАГА НА НАСЕЛБИТЕ ОД НЕГОВОТО ОПКРУЖУВАЊЕ ДА СТАНУВААТ ПОПРИЈАТНИ МЕСТА ЗА ЖИВЕЕЊЕ И РАБОТА ЗА СИТЕ ЕТНИЧКИ ЗАЕДНИЦИ.***

**Приоритетните задачи** што ги поставивме за учебната 2023/2024 година ги реализиравме во голема мера:

1. Унапредување на професионалниот развој на наставниците, стручните соработници и раководниот и управувачкиот кадар во функција на градење компетенции на учениците,
2. Осовременување на наставата преку примена на интерактивни методи и современи техники на учење во наставата,
3. Подобрување на материјално-техничките услови во училиштето,
4. Промовирање на училиштето на регионално, државно и светско ниво,
5. Континуирана соработка меѓу учениците, наставниците, родителите и локалната власт.

**РЕАЛИЗИРАНОСТА НА АКЦИСКИТЕ ПЛАНОВИ СКОРО Е ВО ЦЕЛОСТ:**

1. **Акционен план за следење, вреднување и унапредување на воспитно - образовната работа опфаќаше:**

Планирањето, програмирањето и подготовката на сите нивоа беше ефективно. Континуирано следење, проверување и оценување на успехот на учениците и наставниците, како и континуирано стручно усовршување на раководниот, воспитно-образовниот и соработнички кадар. Педагошката евиденција и документација се води редовно во електронски дневник, од која делови се печатат и се чуваат во посебен класер. Според програмата наставниците користат компјутер во наставата.

Периодично се изработуваа извештаи и анализи за успехот од учениците: по прво тромесечие, по прво полугодие, по трето тромесечие и на крајот од учебната година, со што родителите беа постојано известувани.

2. **Акционен план за здравствено воспитание**

Според програмата за **здравствена заштита** на учениците, во соработка со Медицински центар, учениците од I, III, V и VII одделение беа систематски прегледани, вклучувајќи и стоматолошки систематски прегледи и заливање на запчињата за сите ученици.

Првачињата при уписот носеа потврди за нивната вакцинација според календарот за имунизација, потврда од стоматолошки преглед, како и потврда од офталмолошки преглед. На одделенските часови беа реализирани работилници од Образование за животни вештини и други реферати.

**Програмата за заштита од заразни болести** ја реализиравме на редовните часови од некои предмети (пример-биологија) и на одделенските часови, преку превентивни предавања за заштита од заразни заболувања.

Покрај поттикнувањето за континуирано одржување на личната хигиенаи превенција од заразни заболувања, учениците беа поттикнувани на култура за здрава исхрана на редовните и одделенските часови. Од локалната самоуправа имаше обезбеден дневен оброк за првоодделенците.

3. **Акционен план за производна и друга општествено-корисна работа во училиштето**

Во рамките на **производствената и другата општествено-корисна** работа, беа организирани: работни еко-акции со чистење на училиштето и училишните дворови.

Многу радост и соработка со родителите имавме при подготовките и реализацијата на нашиот традиционален Велигденски панаѓур, кој оваа учебна година беше всушност и „Отворениот ден“, а темата беше „Традиционалната исхрана од нашиот регион“ и бидејќи беше пред пролетниот распуст го нарековме „Пролетен панаѓур“.

4. **Акционен план за Професионална ориентација и советување на младите**

Изработена е Програма за професионална ориентација и формиран Тим од страна на стручните соработници и раководителите на паралелките.

Спроведена е анкета за професионалните интереси на учениците од IX одделение од страна на училишниот психолог, како и предавање за професионална ориентација и професионални интереси на учениците. Водени се индивидуални и фронтални разговори со учениците по повод „Конкурсот за упис во средните училишта“, покрај од психологот и од раководителите на паралелките од деветто одделение, на неколку ученици пресметување на поените потребни за запишувањето. Помош при електронското аплицирање за упис во СОУ.

Сите општински средни училишта од Прилеп и Крушево, традиционално извршија презентација на своите училишта пред нашите ученици од IX одделение, а беше организирана и возвратна посета од нашите ученици. Исто така, имавме презентација и од Средното угостителско училиште од Охрид.

5. **Акционен план за одбележување на празници и настани**

Преку поставување на пригодни содржини на интернет платформата и фејсбук страната на училиштето, како и читање на реферати, рецитирање поезија, музички точки, еколошки акции, изработки на ликовни творби од учениците, работилници, научни екскурзии и посети и други активности, беа одбележани повеќе празници и настани:

- 8 Септември -Денот на независноста на Република Македонија,
- 5 Октомври -Ден на учителот,

- Прием на првачињата во Детската организација, по повод Светскиот ден на детето и Детската недела,
- 11 Октомври -Ден на востанието на Република Македонија,
- 23 Октомври Ден на македонската револуционерна борба,
- 23 Ноември - Ден на благодарноста,
- 1 Декември - Ден за борба против сидата,
- 3 Декември -Ден на лицата со попреченост
- 8 Декември - Ден на Свети Климент Охридски,
- 9 Декември - Ден за борба против корупцијата,
- 19 Декември - Свети Никола,
- 5 Март -Денот на нашето училиште, беше реализирана пригодна културна програма, на која присуствуваа и гости од локалната самоуправа од Прилеп, директори од основните училишта во прилепска општина и други родители и гости, кои приложија цвеќе на бистата од нашиот патрон Страшо Пинџур - во училишниот двор.
- 8 Март- со работилници за изработка на честитки за мајките и наставничките, како и свои пригодни програми,
- 21 Март- Ден на екологијата и пролетта,
- 22 Март- Ден на водата,
- 2 Април, Светски ден на аутизмот,
- 16 април - Светски ден на храната,
- 22 Април, Ден на планетата Земја,
- Пригодно беше одбележан 5 Мај, Светскиот ден на мајчиниот јазик, односно „Денот на македонската азбука“ преку креативна рботилница со ученици од III до IX одделение и гости, наставници и ученици од други училишта.
- 1 Мај- Денот на трудот,
- 4 Мај - посветен на загинувањето на револуционерот Гоце Делчев,
- 24 Мај - Ден на словенските просветители Светите Кирил и Методија.
- Прочкарски маски по повод празникот Прочка, со дел од нив учествувавме на изложба во Прилеп.

Оваа учебна година имавме многу активности на редовните (посебно по граѓанско образование) и вonнаставните часови, посветени на правата на децата, незаборавајќи ги и насоките за нивните одговорности.

## 6. Акционен план за реализација на МИМО активностите

Оваа учебна година не го реализиравме акциониот план за заедничка МИМО соработка со партнер училиштето „Никола Карев“ од Крушево, односно со подрачните негови училишта во селата Норово и Саждево, заради надворешни причини. Училишниот „Тим за МИМО“ најпрвин за Годишната програма на училиштето изработи глобален план (во мисијата и визијата имаме вметнати МИМО - содржини).

Беа одржани многу редовни часови со самостојни мултикултурни активности, посебно на одделенските часови, според прирачникот од ОЖВ. Се надеваме дека идната учебна година ќе ја обновиме заедничката соработка со партнер училиштето.

**Видови настава**

Наставата се организираше и изведуваше според програми за задолжителни и изборни наставни предмети, како и слободни изборни предмети, што се изучуваат според Наставниот план за основното образование.

**Во изборна настава** според афинитетите од наставниците и изборот од родителите, беа следните предмети:

**А)** Во четврто одделение **слободни изборни предмети**:

- во Мало Коњари „ Цртање, сликање, вајарство“, “- во прво и „Заштита на животната средина“ во второ полугодие,

- во Големо Коњари „Заштита на животната средина“ во прво и **„** Танци и народни ора“, во второ полугодие.

**Б)** Во петто одделение - **слободни изборни предмети**:

- во Мало Коњари во прво полугодие „ Мултикултурни работилници“, а во „Образование за животни вештини“ во второ полугодие.

- во Големо Коњари во прво полугодие „Цртање, сликање, вајарство“, а во второ полугодие **„**Танци и народни ора“.

- во Кадино Село во прво полугодие „Мултикултурни работилници“, а во второ полугодие „Образование за животни вештини“.

- Додека **изборни предмети** во предметна настава во VI одделение беше – француски јазик, „Техничко образование“ во VII, во VIII одделение „Вештини за живеење“, а во IX одделение – „Програмирање“ .

**Дополнителна настава** се изведуваше редовно скоро по сите предмети и одделенија, според месечни договори на наставниците и нивни планови. Во одделенска настава дополнителна се изведуваше од второ до петто одделение, најчесто по математика, македонски јазик, природни науки и општество. Во предметна настава не се реализираше само по ликовно образование и ФЗО.

**Додатна настава** оваа учебна година во одделенска настава реализираа сите наставници (по македонски јазик, математика, природни науки, општество). Во предметна настава се реализираше по следните предмети: англиски јазик, природни науки, македонски јазик, информатика, математика, хемија, француски јазик, географија...

Оваа учебна година се посвети внимание на темата корупција и антикорупција на часовите по граѓанско образование, на одделенските часови во деветто одделение, како и на редовните часови во четврто одделение по предметот историја и општество.

**Индивидуални програми за деца со посебни образовни потреби**

Оваа учебна година имавме четворица ученици со пречки во развојот, двајца ученици во одделенска настава и двајца ученици во предметна

настава, со кои се работеше по индивидуална образовна програма.

Во работата со овие ученици беа вклучени и стручните соработници од училиштето, како и 4 образовни асистенти, кои беа на одреден период. Беше припремана соодветна документација до Комисијата за Меѓународна класификација за функционалности (МКФ), во Битола.

Училиштето соработуваше и со Ресурсниот центар „Кочо Рацин“ во Битола, како и со Основното училиште „Климент Охридски“ од Прилеп, кој има „Центар за поддршка на учењето“, со кои имаме склопено договор за соработка. Така, една ученичка одеше во Прилеп, каде со неа работеше специјален едукатор и рехабилитатор.

**Реализација на еколошката програма**

Наставниците работеа според нивните годишни планирања и скоро во потполност ги реализираа своите еко – програми на редовните часови, на СУА и научните излети и екскурзии.

Беа пригодно, одбележани претходно наведените значајни еко - денови со пишување еко - проза и поезија, како и разни ликовни творби, постери и работилници…

Во текот на учебната година имавме многу изработени цртежи, плакати, постери, стикери со опомена за фрлање на отпадокот во корпите, за штедење на водата и електричната енергија, како и изработки од отпаден материјал (пластични кеси и хартија)...

Нереализираните еко активности - ажурирањето на еко - патролите, поголема еко - соработка со локалната средина и локалната самоуправа, како и заеднички еко - активности со партнер училиштето, ќе останат задачи за наредната учебна година.

## ВОННАСТАВНИ АКТИВНОСТИ

**Воннаставни активности - Ова подрачје беше проткаено со содржини и активности што се реализираа вон редовната настава, како:**

- Училишен спорт;
- Слободни ученички активности;
- Ученички натпревари;
- Ученички излети и екскурзии;
- Општествено-хуманитарна работа;

Беа изведени два еднодневни излети до манастирот „Свети Ѓорѓија“ во село Пашино Рувци.

Учениците од литературно-новинарската и секцијата за природни науки беа во Скопје на Саем на книгата и во природнонаучниот музеј. Учениците од историската секција го посетија Смилево, во чест на Смилевскиот конгрес.

Учениците од осмо одделение беа во: Музејот на восочни фигури во Ново Село и мултимедијалниот центар „Киро Глигоров“.

Учениците од седмо одделение ја посетија фабриката „Витаминка“ во Прилеп.

Традиционалните, задолжителни научно-наставни екскурзии низ нашата татковина, со учениците од: трето, шесто и деветто одделение:

- Учениците од трето одделение беа на еднодневна научно-наставна екскурзија во Охрид и Струга каде се посетија следните места, Природно - научниот музеј, Стари град, Антички театар, Плаошник, црквата Св. Софија. Организиран ручек во Охрид.

- Учениците од шесто одделение беа на дводневна екскурзија со посета на Хераклеа во Битола, во Охрид манастирот Св Наум Охридски, Плаошник, Самоиловата тврдина и црквата „Св. Софија“, во Струга се посети спомен домот на Браќа Миладиновци, во Тетово имаше посета на Шарена џамија и Лешочкиот Манастир „Св. Атанасиј“, во Скопје беше посетен Музејот на македонската борба, спомен куќата на Мајка Тереза и Скопско Кале.

- Учениците од деветто одделение беа на тридневна научно-наставна екскурзија низ нашата татковина. Првите два дена заедно со учениците од шесто одделение и ги посетија наведените места во дводневната екскурзија за шесто одделение, а потоа продолжија во Источна Македонија, каде во Штип ја посетија црквата Св. Никола и Археолошки локалитет Баргала, потоа беа посетени Колешински водопади и манастирот „Св. Леонтиј“- Водоча.

-Ние, покрај од средните општински училишта, бевме посетени и од „Интерактивен клуб“од Прилеп и добивме спортски реквизити и математички нагледни средства.

-Од хуманитарната организација Адра, добивме новогодишни пакети за нашите ученици.

Редовно се реализираа и СУА. Во предметна настава: литературно-новинарската, рецитаторска, хемиска, англиска, спортска, математичка, историска, секција за природни науки. Литературно-новинарската секција преку творењето, рецитирањето и афирмирањето на училиштето преку пишаниот збор го изработи и училишниот весник „Виножито“ број 13.

Многу ликовни творби од учениците, многу поетски творби, многу работилници и изработени постери ги украсуваат училишните паноа при одбележување на значајни дати и други поводи (посебно прекрасен беше уреден ентериерот во централното училиште по повод новогодишните празници).

Од надворешни презентери имавме работилница за бонтон „Бон-тон во училиште“.

## Училишни, општински, регионални и меѓународни натпревари

Учениците од нашето училиште учествуваа на разни училишни, општински, регионални и меѓународни натпревари на кои постигнаа значајни резултати. Така:

-На меѓународниот карневал во Прилеп по повод Прочка учествувавме со изработени маски,

-Нашите ученици учествуваа на повеќе спортски напревари, посебно од нашиот спортски клуб „Dream teem school“ учениците зедоа учество на трката „Сите на велосипед“, учество на општински натпревари во футсал замашки и футсал за женски, од 8 и 9 одделение, исто така и за вакви екипи од 6 и 7 одделение; Општински натпревар во футсал за женски за 8 и 9 одделение каде освоивме прво место, натпревари во фудбал по повод Денот на училиштето - нашиот, како и во училиштата во с. Тополчани и с . Кривогаштани; Регионални натпревари во одбојка и футсал за женски ученици од 6 и 7 одделение во Прилеп;

-На општински натпревар по биологија учество зедоа 3 ученици кои го постигнаа следниот успех: едно прво и две втори места,а на регионален натпревар по биологија една ученичка се закити со прва награда.

-Ученичка од Кадино Село освои трето место на меѓународниот натпревар во поезија „Под сенките на јаворите“, во Колешино, посветен на писателот Видое Подгорец.

-На општински натпревар по географија учествуваа три ученици ,две од осмо и еден од деветто одделение.

-На општински натпревар по математика ученичка од четврто одделение освои трето место, а на регионален второ место.

-На математичкиот натпревар „Кенгур“ учество зедоа 10 ученици од четврто и петто одделение и ги постигнаа следните резултати: 5 први места и 5 втори. (од Кадино Село 5 ученици од второ, трето и петто одделение освоија - 4 ученици прва награда и 1 втора награда ).

-На натпревар по македонски јазик стасавме од регионално до државно ниво, каде добивме пофалница. Учествувавме на литературно читање по повод Денот на училиштето во село Обршани, а организиравме и во нашето училиште.

-Училишен натпревар по англиски јазик ЕЛТАМ за учениците од V-IX одделение, општински натпреварвторо место и учество на регионален.

## СОРАБОТКА СО РОДИТЕЛИТЕ

Родителите беа благовремено известувани за нашите претстојни активности. Тие учествуваа и како директни или посредни учесници во нашите активности.

Мора да напомениме, нашето училиште е во специфична средина, каде населението претежно се занимава со земјоделие и сточарство, па нема многу слободно време. Паралелно со тоа, многу од родителите се вработија и во новоотворените фабрики, каде одат на смени. Наредната учебна година ќе настојуваме соработката со родителите и понатаму да ја зголемуваме.

Соработката со родителите се состоеше и од директни индивидуални контакти со училиштето (наставници, директор и стручни соработници) и на ниво на родителски средби. Беа одржани: две општи родителски средби, 4 посебни родителски средби на ниво на одделенија. На првата родителска средба на родителите им беше поделена Брошурата за работата на училиштето и постигањата на учениците, правата и обврските на учениците и нивните родители.

И оваа учебна година беше реализирано т.н. „Групно советување на родители и ученици“, организирано од училишниот психолог. Најпрвин, психологот имаше информативно-советодавни и инструктивни разговори со учениците, кои имаа три и повеќе слаби оцени, кои ветија и го одржаа ветувањето дека ќе ги поправат. Во второ полугодие имаше потреба за советување само на еден родител, заради три слаби оцени на неговото дете, на кое советување беше присутен и ученикот.

Од **ученичките организации** функционираа: ученичките заедници во паралелките и на ниво на училиште Ученичкиот парламент, како и детската организација.

**УЧЕНИЧКИОТ ПАРЛАМЕНТ,** работеше по своја програма, според Законот за основно образование и Статутот на училиштето. Беа реализирани едукативни состаноци со ученичкиот парламент од страна на училишниот психолог. Психологот припреми: насоки за мотивациони писма, кои ги истакна на огласна табла во ЦОУ, припреми гласачки ливчиња и други потребни материјали за гласањето.

Некои од содржините на состаноците на парламентот се: најпрвин, демократски со тајно гласање, беше избрано претседателството (претседател на Ученичкиот парламент, ученици од деветто одделение - претставници на Ученички парламент кои повремено ќе учествуваат при работата на: Училишниот одбор, Совет на родители и Наставнички совет-без право на гласање и со мандат од една година. Беа избрани и секретар и ученички правобранител и негови заменици. Потоа, усвојување на Годишните програми од Ученичкиот парламент и од Ученичкиот правобранител за учебната 2023/2024 година; формирање на „Тим за превенција од насилство во училиштето“; Предавања од училишниот психолог за „Превенција од насилство во училиште“, како и „Вовед во разбирање на етнички конфликти“. Сознанија каква е ситуацијата во паралелките со учебници; каква е ситуацијата во одделенијата во однос на: дисциплината, меѓусебните односи во училиштето.

Работата на ученичките заедници во паралелките беше координирана од одделенските раководители, директорот и повремено од училишниот психолог.

Детската организација, исто така имаше своја програма и беше најактивна при организирање на приемот на првачињата во истата, изработка на плакат по повод детската недела, припремање на мала свечена програма по повод светските денови посветени на децата.

Редовно, според програмите, беа одржувани состаноци на: Одделенскиот совет, Наставничкиот совет, состаноци на Совет на родители и состаноци на Училишниот одбор.

**ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ**

Усовршувањето на наставниците, директорот и стручните соработници покрај со физичко присуство на разни обуки и семинари, беше и електронски преку следење новитети од интернет, присуство на вебинари и други електронски обуки.

Исто така, и преку читање на стручна литература и списанија, како и соработка со колеги од други училишта, а и преку соработка со БРО.

Наставниците максимално користат на ИКТ и современите наставни средства како ЛЦД проектор, компјутерите и едукативните софтвери, смарт табли и смарт- телевизори.

Во септември, на почетокот од учебната 2023/2024 година, беше извршена самоевалуација на работата во училиштето - преку анкети за ученици, родители наставници.

Додека на крајот од учебната година ја обновивме Развојната програма (за период од 2024-2028 година).

**Директорот** на училиштето се раководеше од сопствената програма за работа, Годишната програма за работа на училиштето и други активности кои произлегуваа од целокупниот живот и работа на училиштето.

Конкретно, директорот ги реализираше следните активности:

- Го подготвуваше дневниот ред за Наставничкиот и Одделенскиот совет (во соработка со стручните соработници) и ги водеше состаноците;
- Имаше увид во наставните часови од наставниците, односно го следеше наставниот процес - како во однос на планирањата, така и во однос на воведувањето на иновации во наставата. Исто така, имаше увид како и во работата на стручната служба и другите вработени во училиштето и адекватно ја водеше работата во училиштето, барајќи адекватни решенија за критичните точки во училиштето;
- Во соработка со стручните соработници вршеше увид на педагошката документација;
- Учествуваше со свои дискусии на Наставнички и Одделенски совет, родителски средби, Совет на родители, на состаноците од Училишниот одбор;
- Континуирано научно се надоградуваше преку учество на семинари, обуки и разни стручни средби и конференции (и електронски), континуирано следење стручна литература;
- Ја координираше целокупната работа во училиштето, посебно организациската;
- Раководеше со реновирањето и модернизацијата на училиштето, партерното уредување на училишниот двор во централното училиште и сите потребни реновирања и во подрачните училишта;
- Учествуваше во ажурирањето на компјутерите во училиштето;
- Соработуваше со Државните просветни инспектори од МОН, Советникот за образование и овластен просветен инспектор од Локалната самоуправа, со БРО и со колеги и директори од други училишта, разни стручњаци за подобрување на работата на училиштето и други институции и лица.
- Исто така, учествуваше во разрешување на конфликтни ситуации со родители и ученици, како и во работата на учениците со попреченост, во соработка со стручните соработници.

- Имаше увид во работата на стручните активи во училиштето, како и во работата на Ученичкиот парламент, каде повремено се вклучуваше.
- Учествуваше во спроведување на разни тендери потребни за училиштето и други организациски активности-посебно при реализирање на училишните екскурзии и еднодневни излети.

- Се залагаше за подобрување на менталното здравје од учениците и вработените, меѓудругото и со реализирање на работилница со наставниците и психологот на оваа тема.

**Училишниот психолог** својата работа ја извршуваше како вработена во ова училиште три пати седмично, а дополнуваше два дена во училиштето „Јонче Смугрески“ во село Обршани, Кривогаштанска општина.

